# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Службен весник на РМ, бр. 146 од 7.12.2009 година**

### Член 1

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2005, 13/2007 и 165/2008), во членот 2 точката 4 се менува и гласи:
„4. Корисници на градежно земјиште" се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Македонија согласно со Законот за основните сопственосноправни односи ("Службен лист на СФРЈ" број 6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на СРМ" број 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), Законот за промет со земјишта и згради ("Службен весник на СРМ" број 10/79, 18/89, 21/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 71/96 и 18/99) и Законот за сопственост на делови од згради ("Службен весник на СРМ" број 20/74 и 14/75);".
Во точката 9 сврзникот "и" на крајот се заменува со точка и запирка.
Во точката 10 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 11, која гласи:
„11. "Акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела" се планови предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање."

### Член 2

Во членот 5 став (1) зборовите: "урбанистичките планови" се заменуваат со зборовите: "актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела".

### Член 3

Во членот 6 став (1) зборовите: "просторните и урбанистичките планови" се заменуваат со зборовите: "актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела".

### Член 4

Членот 6-а се брише.

### Член 5

Членот 13 се менува и гласи:
„(1) Градежното изградено и градежното неизградено земјиште на кое постојат сокориснички права евидентирани во катастарот на земјиште, односно запишани во катастарот на недвижности во идеални делови се приватизира сразмерно на големината на идеалниот дел од сокорисничкото право.
(2) Градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни делови од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни

делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на земјиште не се евидентирани, односно во катастарот на недвижности не се запишани идеални делови од сокорисничкото право, се приватизира во заедничка сопственост на физичките или правните лица како етажни сопственици.
(3) Делот од надоместокот што го плаќа секој од етажните сопственици од ставот (2) на овој член, се определува сразмерно на површината на посебниот дел од зградата според вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација, при што се воспоставуваат односи меѓу етажните сопственици кои произлегуваат од правната содржина на правото на заедничка сопственост на градежно изградено земјиште согласно со Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост и други стварни права. Сразмерот на површината на посебниот дел од зградата според вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација за кој ќе треба да се определи висина на надоместокот, се утврдува со наод и мислење од вешто лице од областа на градежништвото на трошок на барателот.
(4) Кога не е извршена целосна приватизација на градежното земјиште од сите етажни сопственици, во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите покрај етажните сопственици кои го приватизирале земјиштето останува запишана Република Македонија како заеднички сопственик на земјиштето се до целосна приватизација на земјиштето.‟

**Член 6**

Членот 14 се менува и гласи:
„(1) Градежното земјиште може да се приватизира во целост или во дел.
(2) Градежното земјиште може да се приватизира во површина на стекнатото право на користење, а во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.
(3) Градежното земјиште на кое право на користење имаат правни лица може да се приватизира во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.
(4) Градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата од членот 2 точка 7 на овој закон и физичките лица кои за стекнатото право на користење на градежното земјиште платиле надоместок, а кое влегува во една или повеќе градежни парцели може да се приватизира во рамките на стекнатото односно евидентирано или запишано право на користење освен во случаите од членот 6 на овој закон.
(5) Градежното земјиште на кое право на користење имаат физичките лица кои не платиле надоместок за стекнатото право на користење, а кое влегува во други градежни парцели не е предмет на приватизација.
(6) Градежното земјиште може да се приватизира во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела, ако со актот врз основа на кој е стекнато правото на користење површината не е определена.‟

**Член 7**

Во членот 17 став (1) точка 7 по зборот ‟земјиштето‟ се додаваат зборовите: ‟како и стекнато право на сопственост на објект со правна основа од поранешен сопственик на земјиштето, како и стекнато право на сопственост на објект од претходен корисник на градежното земјиште кој платил надоместок за стекнување на правото на користење”.

**Член 8**

Во членот 18 став (2) точката 2 се менува и гласи:

„2) стекнување на право на сопственост на објект со правна основа од претходен корисник на градежното земјиште кој не платил надоместок за стекнување на правото на користење на градежно земјиште;‟.

**Член 9**

Во членот 19 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:
„5) стекнување на право на сопственост на објект од поранешен сопственик на земјиштето, како и стекнување право на сопственост на објект од претходен корисник на градежното земјиште кој платил надоместок за стекнување на правото на користење;”.
Точките 5 и 6 стануваат точки 6 и 7.

**Член 10**

Членот 21 се брише.

**Член 11**

Во членот 28 став (3) алинеите 4 и 5 се бришат.
Ставот (4) се брише.

**Член 12**

Во членот 28-а ставот (1) се менува и гласи:
„Органот надлежен за имотно-правните работи по службена должност прибавува копија од катастарски план, уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижностите за земјиштето предмет на приватизација од Агенцијата за катастар на недвижности кога во постапката за приватизација на градежно земјиште, не може да се утврди својството на поранешна сопственост на земјиштето и извод од урбанистички план од општината каде што се наоѓа земјиштето предмет на приватизација.”

**Член 13**

Членот 30 се менува и гласи:
„(1) Решението за приватизација заедно со сите списи во предметот пред да се достави до барателот се доставува на мислење до Државниот правобранител на Република Македонија.
(2) Државниот правобранител на Република Македонија, мислењето од ставот (1) на овој член го доставува во рок од 15 дена од приемот на решението и предметот.
(3) Ако Државниот правобранител на Република Македонија во рокот од ставот (2) на овој член не даде мислење ќе се смета дека има позитивно мислење.
(4) По добивањето на позитивно мислење, односно по истекот на рокот од ставот (2) на овој член, ако не е дадено мислење, решението за приватизација се доставува до барателот за приватизација.”

**Член 14**

Во членот 31 ставот (1) се менува и гласи:
„Против решението за приватизација барателот може да изјави жалба до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на имотно-правните работи и градежното земјиште.‟
Во ставот 2 зборовите: ‟органот на државната управа надлежен за водење на соодветната јавна книга за недвижности‟ се заменуваат со зборовите: ‟Агенцијата за катастар на недвижности‟.

**Член 15**

Во членовите 32 став (4), 49 став (3), 53 став (2), 54 став (3), 70 став (2) и 77 став (5) зборовите: "органот на државната управа надлежен за водење на соодветната јавна книга за недвижности" се заменуваат со зборовите: "Агенцијата за катастар на недвижности".

**Член 16**

Членот 40 се менува и гласи:

„Градежното земјиште на кое е стекнато право на долготраен закуп согласно со одредбите на овој закон, може да се приватизира во секое време, согласно со одредбите на овој закон на барање на носителот на правото на долготраен закуп."

**Член 17**

Во членот 73 став (1) зборовите: "детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место" се заменуваат со зборовите: "актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела".

**Член 18**

Во членот 79 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Правото на користење на градежното земјиште од членот 14 став (5) на овој закон, престанува со решението на органот на управата надлежен за имотно-правните работи со кое се врши приватизација на градежното земјиште на кое барателот има изградено објект со правна основа."

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите: "од став (2)" се додаваат зборовите: "и став (3)".

**Член 19**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".